Приватна високообразовна установа
самостојна висока стручна школа
БРЕИНСТЕР НЕКСТ
Бр. 02-161/3
02. 03 2023 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 33 од Статутот на Приватна непрофитна високообразовна установа самостојна висока стручна школа БРЕИНСТЕР НЕКСТ Скопје (во натамошниот текст: Бреинстер Некст) Одборот на директори на својата 1 седница одржана на 02.03.2023 година го донесе следниот

# ПРАВИЛНИК
## за финансиски надоместоци за прв циклус стручни студии на Бреинстер Некст Скопје

### 1. Предмет на Правилникот

**Член 1**

Со овој Правилник се регулира износот на школарината за запишување и студирање на одделните студиски програми на Бреинстер Некст, распоредот и начинот на плаќање, попустите што ги овозможува Бреинстер Некст, и останати прашања поврезани со плаќања на школарината во текот на студиите на Бреинстер Некст

### 2. Цена и распоред на плаќање

**Член 2**
**Прв циклус на студии – редовни студенти**

Школарината за студирање за една академска година или за два семестра, односно за **60 кредити според ЕКТС** е флексибилна и зависи од пазарните услови и точниот износ на истата се утврдува во договорот за студирање.
Школарината за студирање по кредит се пресметува по следната формула:
- цената на чинење на целокупната студиска програма се дели со бројот на кредитите што ги носи студиската програма.

Школарината од став 1 на овој член студентот може да ја плати:
- по дипломирањето/вработувањето/датумот утврден во договорот за студирање на 36 еднакви рати, без камата,
- одеднаш за целокупните тригодишни студии,
- одеднаш за една студиска година,
- на 60 еднакви рати согласно одредбите на овој правилник.
- на други начини кои би ги определил Бреинстер Некст и кои се содржани во договорот за студирање на студентот.

За обезбедување на плаќањето на одложен временски период, студентот е должен да обезбеди:

- Учество во договорот за студирање на минимум еден родители/старатели или други лица кои го финансираат студирањето како страни на договорот со што солидарно пристапуваат кон долгот за студирањето и имаат улога на гарант платец.
- Други документи или обезбедувања кои по потреба може да ги побара Бреинстер Некст и/или финансиската организација со која има склучено договор за соработка.

Бреинстер Некст има право да пресмета законска камата на секоја доспеана а неподмирена обврска, односно доколку студентот не ја плати ратата во периодот од 01ви до 15 ти во тековниот месец за кој се однесува ратата согласно договорот за студирање.
Во школарината од став 1 на овој член се вклучени сите трошоци за студиите (не се доплаќа за литература, пријава на испити, итн).

### 3. Попусти и/или промени во распоредот за плаќање на школарината

**Член 3**

Бреинстер Некст може да одобри попусти за плаќање на школарината или да изврши промена на распоредот за плаќање на школарината, што ќе биде составен дел на договорната цена и распоред за плаќање на школарината и истите ќе бидат содржани во договорот за студирање на секој студент.

### 4. Начин на плаќање

**Член 4**

Плаќањето на школарината се врши согласно одредбите содржани во договорот за студирање кој се потпишува со студентот и со минимум еден родител/старател/друго лице кое го финансира студирањето како гарант платец.

### 5. Надоместок за презапишување на предмети

**Член 5**

Презапишувањето на предмет се плаќа дополнително и сумата за презапишување се додава на школарината за студирање определена во договорот за студирање согласно член 2 на овој правилник.
Сумата за презапишување на предмет се пресметува по следната формула:

- цената на чинење на целокупните студии се дели со бројот на кредитите што ги носи студиската програма и добиената сума се множи со бројот на кредити што ги носи предметот.

Презапишувањето на предмет се регулира со договорот за студирање и сумата за презапишување на секој предмет се додава на цената на чинење на целокупните студии.
Ако договорот за студирање е потпишан пред стапување на сила на овој Правилник, при презапишување на еден или повеќе предмети се подготвува Анекс на договорот за

студирање по што новата сума се утврдува во договорот за студирање и ратите определени со истиот, ако постојат такви освен во случај кога студентот го исплаќа пресметаниот надоместок за презапишување на предметите во готово пред почетокот на предметите кои ги презапишал.

6. **Дополнителни финансиски надоместоци**

**Член 6**

Бреинстер Некст го задржува правото да наплати и дополнителни финасиски надоместоци од страна на студентите.
Дополнителните финансиски надоместоци се однесуваат особено на случаи каде што Бреинстер Некст има трошоци према трети страни во корист на студентите како при наплата на тарифа од страна на државни или локални институции за издавање на официјални документи побарани или потребни на студентите, осигурување на студенти преку приватни осигурителни компании и друштва, систематски преглед на студентите од овластени здравствени организации итн.

7. **Завршни одредби**

**Член 7**

Овој Правилник влегува во сила со денот на неговото донесување.

**Одбор на директори**
**Претседател**
**Петар Шиновски**

Приватна висока стручна школа Самостојна високообразовна установа БРЕИНСТЕР НЕКСТ Скопје